„Кој ќе заборави некој намаз, нека го клања кога ќе се сети на него, затоа што нема друго искупување за тоа освен на тој начин

Од Енес ибн Малик, радијаллаху анху, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој ќе заборави некој намаз, нека го клања кога ќе се сети на него, затоа што нема друго искупување за тоа освен на тој начин.“ Потоа го рецитирал ајетот: „И извршувај го намазот за да Ме спомнуваш.“ (Та Ха, 14)

[متفق عليه] [صحيح]

Пратеникот Мухаммед, салаллаху алејхи ве селем, објаснил дека оној кој ќе заборави да изврши некој од задолжителните намази сè додека не помине неговото време, треба веднаш да го надомести и да го клања штом се сети на него. Нема бришење или покривање на гревот од пропуштањето, освен ако муслиманот го изврши намазот кога ќе се сети. Аллах во Својата благородна Книга вели: „И извршувај го намазот за да Ме спомнуваш.“ (Та Ха, 14), односно: изврши го пропуштениот намаз кога ќе се сетиш на него.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65088